МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 14/5-1326/2
19 -02- 2015 2015 год.
Скопје

До: Сектор за финансии

**Предмет: Правилник, доставува;**

Во прилог на актот доставуваме *Правилник за измена на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Македонија, број 01-1326/1 од 19.02.2015 година.*

**Образложение:**

Изменувањето на овој Правилник е од причина што е донесена Уредба за изменување на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци и истата се применува од 01.01.2015 година.

Во досегашниот период, при учество на вежби, обуки и други активности надвор од Република Македонија, доколку издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управата, се исплатуваше износ од 610,00 денари.

Исплатата на 610,00 денари беше воведена во услови кога со Уредба се исклучуваше таквото право при учество на вежби, обуки и други активности надвор од Република Македонија.

Со измената на Уредбата се враќа правото за исплата на 20% од висината на дневницата за службени патувања во странство, со што се исклучува исплатата на износот од 610,00 денари, затоа што за иста активност не е дозволено да се врши исплата по два прописи.

Изработил: Симовска Сузана С.Сим.
Прилог: како во текстот

**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ**
Раководител
Спасоја Дамјаноски

Доставено до:
- Кабинет на НГШ на АРМ,
- Директор на ГШ на АРМ
- ГШ на АРМ – Ј8,
- сите сектори во МО,
- Воена академија, и
- Архива

Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

**ПРАВИЛНИК**
***за измена на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал во Армијата на Република Македонија***

*-Скопје, јануари 2015 година-*

Врз основа на член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана донесе

# *П Р А В И Л Н И К*
***за изменување на Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија***

**Член 1**

Во Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија, бр. 01-5145/1 од 18.07.2010 година, бр. 01-5758/1 од 29.09.2011 година, бр. 01-3579/1 од 29.06.2012 година, бр. 01-6887/1 од 31.12.2012, бр. 01-1148/1 од 15.02.2013 година, бр. 01-6597/1 од 30.12.2013 година и 01-133/2 од 08.01.2015 година, во членот 1 став 1 после зборовите "и служба под посебни услови" се додаваат зборовите "на територијата на Република Македонија"

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-1326/1
19-02-2015 2015 година
Скопје

Изработено во: Сектор за финансии
Нормативно правно и
номотехнички усогласил: Митар Петковски
Одобрил:Спасоја Дамјаноски

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
**Зоран Јолевски**

Предмет: Правилник за измена на Правилникот
за начинот на исплата и висината на надоместоци

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), согласно кој начинот на исплата и висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата на Република Македонија, за вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови ги утврдува министерот за одбрана.

Изменувањето кое се однесува во делот на членот 1 став 1 од предметниот Правилник е од причина што е донесена Уредба за изменување на Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци "Службен весник на Република Македонија бр. 90" од 11.06.2014 година, а се применува од 01.01.2015 година.

Во член 1 став 3 од горенаведената уредба е регулирано правото "20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата.

Воведувањето на овој став во член 1 од Уредбата, односно исплатата на 20% од висината на дневницата за службени патувања во странство, ја исклучува исплатата по Правилникот со кој се утврдени надоместоците во Република Македонија.

Предлогот за изменувањето на Правилникот, нормативно правно и номотехнички е прегледан во Секторот за правни работи.

Изработил:
Климентина Ангелеска
Одобрил:
Сузана Симовска

Раководител на Сектор за финании
Спасоја Дамјаноски